ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018/2019 ГОДИНА

Скопје, 2019 г.

ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018/2019 ГОДИНА

Скопје, 2019 г.

**ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје**

**В. Д. Директор:**

**Асс. д-р Шабан Мемети**

ИЗГОТВУВАЧ:

СЕКТОР ЗА ПРОМОЦИЈА, АНАЛИЗА И СЛЕДЕЊЕ НА НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Проф. Д-р Елена Ќосевска — Раководител на Сектор

Стручна обработка:

Прим. Д-р Весна Стамболиева — Началник во Сектор

Јасмина Тахири — Самостоен медицински статистичар

Техничка изработка:

Борче Андоновски

Сузана Дунгевска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

616-07-057.87(497.7)»2018/2019»(047)

ИЗВЕШТАЈ за остварување на Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти во Република Северна Македонија за 2018/2019 година / [изготвувачи Елена Ќосевска, Весна Стамболиева, Јасмина Тахири]. - Скопје : Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2020. - 20 стр. : граф. прикази ; 25 см

ISBN 978-608-235-065-3

а) Систематски прегледи - Ученици и студенти - Македонија - 2018-2019 - Извештаи
COBISS.MK-ID 112114186

# СОДРЖИНА

ВОВЕД 7

I. ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2018/2019 ГОДИНА 7

а) Систематски прегледи на ученици во основни училишта 9

б) Систематски прегледи на ученици во средни училишта 10

в) Систематски прегледи на студенти 11

II. СОДРЖИНА НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2018/2019 ГОДИНА 11

а) Во основните училишта 11

б) Средни училишта 13

III. КОНСТАТАЦИИ 15

IV. ПРИЛОЗИ 16

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија» бр. 43/12, 145/12, 87/13, 64/13, 39/14, 43/14,132/14,188/14,10/15,61/15,154/15,192/15,17/16,37/16и17/97), и Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2019 година (Сл.весник на РСМ бр.4/2019) донесена од Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 08.01.2019, ЈЗУ-Институт за јавно здравје - Скопје, изготвува

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018/2019 ГОДИНАА

## *ВОВЕД*

***Овој Извештај има за цел да ја прикаже реализацијата на целите, содржините и обемот на извршените активности предвидени со Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите за 2019 година.***

Согласно Програмата, систематските прегледи се извршуваат во зависност од возраста на учениците и студентите и тоа: во основното образование во I, III, V и VII одделение, во средното образование во I и IV година и во високото образование во првата година.

## *I. ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2018/2019 ГОДИНА*

Во учебната 2018/2019 година бројот на учениците од основно и средно образование, како и на студентите кои биле прегледани, согласно Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2019 година изнесува 105 382.

***Табела 1***

| Година | В К У П Н О | | | ОСНОВНО УЧИЛИШ. | | | СРЕДНО УЧИЛИШТЕ | | | СТУДЕНТИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | подлежни | прегледани | | подлежни | прегледани | | подлежни | прегледани | | подлежни | прегледани | |
| | | број | % | | број | % | | број | % | | број | % |
| **2017/18** | 102708 | 97093 | 94,5 | **63965** | **61675** | 96,4 | **24567** | 21242 | 86,5 | **14176** | **14176** | 100 |
| **2018/19** | 105382 | 101550 | 96,4 | **65616** | **63165** | 96,3 | **26487** | 25106 | 94,8 | **13279** | **13279** | 100 |
| **Индекс 2019/18** | **102,6** | **104,6** | | **102,6** | **102,4** | | **107,8** | **118,2** | | **93,7** | **93,7** | |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

Со систематски прегледи во 2018/2019 година опфатени се вкупно 101 550 ученици и студенти или 96,4% од подлежните. Споредено со претходната година се забележува пораст на бројот на опфатените со систематски прегледи.

Опфатеноста на учениците со систематски прегледи во основните училишта е задоволителна и изнесува 96,3%, што е за 0,1% помала од претходната година. Опфатеноста кај учениците во средното образование изнесува 94,8% и е за 8,3% поголема од претходната година, а кај студентите е 100% и е иста и во двете анализирани години.

***Реализацијата на извршените систематски прегледи на учениците од основните училишта и студентите го задоволува предвидениот стандард од 90-95% од подлежните,додека кај учениците од средните училишта реализацијата е под предвидениот стандард.***

***Дијаграм 1*** Прегледани ученици и студенти со систематски прегледи во РСМ, период 2009-2019




| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основни училишта | 97,4% | 98,4% | 96,8% | 97,4% | 97,0% | 97,2% | 96,7% | 97,3% | 97,5% | 96,4% | 96,3% |
| Средни училишта | 95,6% | 96,0% | 97,4% | 92,5% | 94,7% | 94,0% | 94,0% | 95,3% | 94,0% | 86,5% | 94,8% |
| Студенти | 99,4% | 99,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија а

На прикажаниот дијаграм 1 се забележува дека опфатот на ученици и студенти во периодот 2009-2019 година е прилично константен, со вкупен опфат меѓу 86.5 и 100%, што значи дека во анализираниот период опфатот е во рамките на и над предвидениот стандард, со исклучок кај учениците во средните училишта во 2018 година – 86.5%.

## *а) Систематски прегледи на ученици во основни училишта*

Во текот на 2018/2019 година систематските прегледи на учениците во основните училишта се вршени според возраста односно по одредени одделенија. Според добиените извештаи од здравствените организации за извршени прегледи и подлежни за преглед ученици постигнат е следниот опфат на прегледаните ученици:

I одделение: од предвидените 18.544 ученици прегледани се 17.718 или 95,5% што го задоволува општиот стандард.

III одделение: од предвидените 16.404 ученици прегледани се 16.012 или 97,6% што исто така го задоволува предвидениот стандард.

***Дијаграм 2*** Процент на прегледани ученици со систематски прегледи во основните училишта во РСМ, 2018 и 2019




| | I одделение | III одделение | V одделение | VII одделение |
|---|---|---|---|---|
| 2018 | 97,2% | 96,6% | 96,0% | 95,8% |
| 2019 | 95,5% | 97,6% | 96,4% | 95,6% |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

V одделение: од предвидените 14.752 ученици прегледани се 14.218 или 96,4%, и е во предвидениот стандард.

VII одделение: од предвидените 15.916 ученици прегледани се 15.217 или 95.6 % што е во предвидениот стандард . Дијаграм 2

***Опфатеноста на прегледаните ученици во I одделение е најмала, споредувајќи ја со опфатеноста на учениците во другите одделенија.***

Обемот на извршените систематски прегледи во основното образование по региони е прикажан во табела 2.

Може да се констатира дека во сите региони обемот на извршените систематски прегледи е во рамките на предвидениот стандард, исто како и во минатата година.

## б) Систематски прегледи на ученици во средни училишта

Според Програмата, во средните училишта систематските прегледи се извршуваат во I и IV година. Во 2018/2019 година систематските прегледи се извршени во следниот обем:

I година: од предвидените 13.069 ученици, прегледани се 12.391 или 94.8% со што опфатеноста е во рамките на предвидениот стандард.

IV година: од предвидените 13.418 ученици, прегледани се 12.715 или 94.8% со што опфатеноста е под предвидениот стандард. Дијаграм 3

***Дијаграм 3*** Процент на прегледани ученици со систематски прегледи во средни училишта во РСМ, 2018 и 2019




| | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| I клас | 94,6% | 94,8% |
| IV клас | 78,3% | 94,8% |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

Во табела 3 (во прилог) даден е приказ на реализација на систематските прегледи на учениците во средните училишта по региони, од кој се гледа дека во поедини региони не е задоволителна. Исклучок прават: Валандово со 89,5% опфат; Куманово со 89,4% опфат и Радовиш со 81,5% опфат.

Во општините Кавадарци, Неготино, Пробиштип и Свети Николе не се реализирани систематски прегледи во оваа година.

Во споредба со минатата година, опфатот бил под оптималниот стандард во регионот Крушево со 73.5% опфат; Охрид со 32.8% опфат; Пробиштип со 60.2% опфат; Радовиш со 86.8% опфат; Тетово со 86.5% опфат и Штип со 86.2% опфат.

Констатација е дека состојбата на реализираните систематски прегледи на учениците во средните училишта не е задоволителна, и потребно е да се преземат напори за зголемување на опфатот до оптималниот стандард за регионите во кои не е исполнет.

### *в) Систематски прегледи на студенти*

Обемот на извршените систематски прегледи на студентите во Републиката во учебната 2018/2019 година во целост задоволува и изнесува 100% исто како и минатата година. Табела 3 (во прилог)

## *II. СОДРЖИНА НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2018/2019 ГОДИНА*

Од добиените извештаи за систематски прегледи може да се констатира дека најголемиот дел од содржините предвидени со Програмата во целост се застапени. Деталниот преглед на содржините на извршени систематски прегледи е прикажан во табела 4 (во прилог).

**Утврдени патолошки состојби при извршени систематски прегледи на ученици и студенти во 2018/2019 годинаа**

### *а) Во основните училишта*

Деформитетите, лошото држење на телото и лошата хранетост на телото, се најзастапените патолошки состојби утврдени при извршувањето на систематските прегледи кај учениците од основното образование.

***Деформитетите на стопалото*** се евидентирани кај 11.815 ученици или 18,7% од вкупно прегледаните; следат ***деформитетите на 'рбетен столб и граден кош*** евидентирани кај 10.647 ученици или 16,9% од прегледаните; следи ***лошото држење на телото*** кои се застапени кај 9 819 ученици или 15,5% од прегледаните.

На четвртото место по застапеноста е ***лошата ухранетост на телото*** застапена кај 6685 ученици или 10.6% од прегледаните.

Во споредба со претходната година, за сите претходно наброени патолошки состојби постои зголемување на процентуалната застапеност кај прегледаните ученици во 2019 во однос на 2018 година, со исклучок на деформитетите на 'рбетниот столб и градниот кош, кај кои процентуалната застапеност е намалена од 25,4 во 2018 на 16,9% во 2019 година.

Деформитетите на 'рбетниот столб и градниот кош  најмногу се застапени кај учениците од V-то и VII-мо одделение, додека деформитетите на стопалото во најголем број се регистрирани  во I-то и во V-то одделение (табела 5 во прилог).

***Лоша развиеност*** на телото е забележана кај 3.309 ученици или 5,2% од прегледаните. Во споредба со претходната година забележана е поголема застапеност - 3,9%  во 2018 година(дијаграм 4).

***Дијаграм 4.*** Утврдени патолошки состојби кај ученици во основно образование во РСМ, 2018 и 2019




| | Лошо држење | Лоша развиеност | Лоша ухранетост | Деф.на рб.столб и гр.кош | Деф.на стопало |
|---|---|---|---|---|---|
| 2018 | 14 | 3,9 | 9,5 | 25,4 | 13,8 |
| 2019 | 15,5 | 5,2 | 10,6 | 16,9 | 18,7 |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

Кај 4.711 ученици или 7,5% од прегледаните се најдени пречки на видот и мотилитетот, што е поголема застапеност во споредба со претходната година, кога биле евидентирани кај 7,4% од прегледаните; конгенитални срцеви аномалии

се најдени кај 784 или 1,2% (за 1% повеќе во споредба со претходната година), а стекнати кај 30 или 0,04% од прегледаните, што е за 84,3% помалку во споредба со претходната година.

***Вошливоста*** е застапена кај 252 ученик или 0,4% и е помала во споредба со претходната година (331 ученици и 0,5% застапеност), додека ***недоволната хигиена на телото*** е констатирана кај 387 или 0,6% од прегледаните ученици, што е за 0,2% помалку во споредба со претходната година.

***Лабораториските прегледи*** на крвта за хемоглобин, според доставените извештаи, се извршени само кај 65,8% од прегледаните ученици. При тоа е најден хемоглобин под 10 гр.% кај 1102 ученици или 1,7% од прегледаните на хемоглобин, што е за 17% повеќе во споредба со претходната година.

Преглед на урина е извршен кај 32.782 ученици или 51.9% од вкупно прегледаните, при што е најден албумен кај 1008 ученици или 1,6% од прегледаните на албумен во урина. Претходната година, преглед за присуството на албумен во урината бил извршен кај вкупно 41.542 ученици, или 65,8% од прегледаните; албумен бил детектиран кај 1,6% од прегледаните.

При ***стоматолошките прегледи*** најден е кариес кај 9.919 ученици или 15,7% од прегледаните што е помалку во споредба со претходната година. Ортодонтски аномалии се најдени кај 2.770 ученици или 4,4% од прегледаните, што е за 12% помалку во споредба со претходната година.

## *б) Средни училишта*

Кај учениците од средните училишта од најдените патолошки состојби најзастапени се ***деформитетите на рбетниот столб и градниот ко***ш кај 5.944 ученици или 23.7% од вкупно прегледаните (за 37,4% повеќе од претходната година); потоа следи ***лошото држење на телото*** кај 4.901 или 19,5% од прегледаните (25,2% во претходната година); ***деформитети на стопалото*** се најдени кај 3.070 ученици или 12,2% од прегледаните. Кај помладите возрасти на учениците, односно учениците од основните училишта застапеноста на вакви најдени пречки е двојно поголема.

***Пречки на видот и мотилитетот*** биле констатирани кај 2.972 ученици (11.8%), додека во претходната година биле регистрирани кај 3.022 од прегледаните и 14,2% застапеност(помалку во 2019 во однос на 2018 година).

Потоа следи ***лошата ухранетост на телот***о кај 2.545 ученици или 10.1% од вкупно прегледаните (за 7,7% повеќе од претходната година). ***Лошата развиеност на телото*** застапена кај 986 ученици или 3,9% (за 15,3% помалку во споредба со претходната година).

***Конгенитални срцеви аномалии*** најдени се кај 297 ученици или 1,2%, и е за три пати повеќе во споредба со претходната година, додека ***стекнати*** се најдени само кај 11 или 0,01% од прегледаните ученици (14 и 0,1% од прегледаните во 2018 година).

***Вошливоста*** е констатирана само кај 45 ученици и е скоро иста (за еден разлика) во однос со 2018 година.

Вошливоста кај учениците од основното образование е многу поголема и изнесува – 252 или 0,4% од вкупно прегледаните.

Табела 6, дијаграм 5

***Дијаграм 5*** Утврдени патолошки состојби кај ученици во средни училишта во РСМ, 2018 и 2019




| | Лошо држење | Лоша развиеност | Лоша ухранетост | Деф.на рб.столб и гр.кош | Деф.на стопало |
|---|---|---|---|---|---|
| 2018 | 25,2 | 5,5 | 11,1 | 20,4 | 11,2 |
| 2019 | 19,5 | 3,9 | 10,1 | 23,7 | 12,2 |

**Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија**

***Лабораториски прегледи*** на крв за хемоглобин се извршени кај 16.184 ученици или 64,5% од прегледаните (12795 или 60,2% прегледани во претходната година), при што е најден ***хемоглобин*** под 10 гр.% кај 338 ученици или 1,3% од прегледаните на хемоглобин (257 или 1,2% во претходната година).

Кај 12.118 ученици или 48.3% (9259 или 43,6% во минатата година) е извршен преглед на ***албумен во урин***а, а позитивен албумен е најден кај 635 ученици или 2.5% од прегледаните на албумен (456 или 2,1% во претходната година).

При извршените ***стоматолошки прегледи*** кариес е најден кај 3.689 ученици или 14,7% од прегледаните (3328или 15,7% е најдениот ***кариес*** кај учениците од претходната година). ***Ортодонтските аномалии*** се регистрирани кај 1.483 ученици или 5.9% (1396 или 6,6% се регистрирани во минатата година).

Табела 6, дијаграм 5

**в) *Студенти***

Кај прегледаните студенти како најзастапени патолошки состојби се: ***лошото држење на телото кое е*** застапено кај 1.933 студенти или 14,6% од прегледаните; потоа следи ***лоша ранетост на телото*** застапено кај 1.049 студенти или 7,9% ; ***деформитети на рбетен столб и граден кош*** кои се регистрирани кај 901 студент или 6,8% од прегледаните; ***лоша развиеност на телото*** која е регистрирана кај 453 ученици или 3.4% од прегледаните и ***деформитети на стопалото*** регистрирани кај 423 студенти или 3.2%.

***Лабораториските прегледи*** на крв се извршени кај 13.173 студенти или 99.2%, а на урина кај 13.141 или 99 % од прегледаните студенти, при што албумен во урината е детектиран кај 236 или 1.8% од прегледаните. Кариес е најден кај 10.9% од студентите.

Табела 6 (во прилог))

## *III. КОНСТАТАЦИИ*

Според Програмата за систематски прегледи за 2018/2019 година опфатени се вкупно 101.550 ученици и студенти или 96,4% од подлежните и го задоволува предвидениот стандард од 90-95%. И во претходната година опфатеноста задоволувала и изнесувала 94,5%. Кај учениците во основното образование изнесува 96.3; кај учениците во средното образование 94,8%, а кај студентите е 100% од подлежните.

Констатација е дека состојбата на реализираните систематски прегледи на учениците во средните училишта не е задоволителна, и потребно е да се преземат напори за зголемување на опфатот до оптималниот стандард за регионите во кои не е исполнет.

Предвидените содржини на систематските прегледи според Програмата не задоволуваат во поглед на лабораториските испитувања (на крв -хемоглобин, урина-албумен и фецес за цревни паразити) кои се извршуваат во недоволен обем или воопшто не се извршуваат во некои региони.

Се ова гореизложеното наметнува, преземање мерки за подобрување на спроведувањето на Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти, посебно во однос на опфатеноста на учениците и студентите во ординациите со цел за санирање на најдените состојби.

# IV. ПРИЛОЗИ

***Табела 2*** Извршени систематски прегледи на ученици во основните училишта во Република Северна Македонија во 2019 година

| | Вкупно подлежни | Прегледани | | Одделенија | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број | % | I одд. | III одд. | V одд. | VII одд. |
| Р.С.МАКЕДОНИЈА | 65616 | 63165 | 96,3 | 17718 | 16012 | 14218 | 15217 |
| Берово | 274 | 265 | 96,7 | 59 | 59 | 82 | 65 |
| Битола | 2905 | 2812 | 96,8 | 837 | 845 | 324 | 806 |
| Мак.Брод | 186 | 185 | 99,5 | 42 | 44 | 54 | 45 |
| Валандово | 433 | 430 | 99,3 | 103 | 125 | 106 | 96 |
| Велес | 660 | 660 | 100,0 | 20 | 189 | 157 | 294 |
| Виница | 386 | 378 | 97,9 | 99 | 104 | 93 | 82 |
| Гевгелија | 784 | 784 | 100,0 | 194 | 213 | 213 | 164 |
| Гостивар | 2936 | 2900 | 98,8 | 738 | 781 | 726 | 655 |
| Дебар | 618 | 618 | 100,0 | 147 | 152 | 158 | 161 |
| Делчево | 256 | 253 | 98,8 | 52 | 65 | 68 | 68 |
| Д.Хисар | 234 | 234 | 100,0 | 53 | 56 | 62 | 63 |
| Кавадарци | 1444 | 1381 | 0,0 | 366 | 336 | 365 | 314 |
| Кичево | 1700 | 1697 | 99,8 | 620 | 374 | 276 | 427 |
| Кочани | 1005 | 958 | 95,3 | 258 | 267 | 217 | 216 |
| Кратово | 281 | 277 | 98,6 | 56 | 77 | 74 | 70 |
| Кр.Паланка | 684 | 650 | 95,0 | 171 | 187 | 134 | 158 |
| Крушево | 785 | 785 | 0,0 | 227 | 193 | 207 | 158 |
| Куманово | 5931 | 5704 | 96,2 | 1475 | 1495 | 1378 | 1356 |
| Неготино | 449 | 433 | 96,4 | 200 | 176 | 45 | 12 |
| Охрид | 1592 | 1528 | 96,0 | 365 | 412 | 386 | 365 |
| Прилеп | 4318 | 4309 | 0,0 | 1090 | 1135 | 1071 | 1013 |
| Пробиштип | 502 | 478 | 0,0 | 111 | 125 | 121 | 121 |
| Радовиш | 688 | 628 | 91,3 | 178 | 155 | 149 | 146 |
| Ресен | 481 | 480 | 99,8 | 128 | 133 | 107 | 112 |
| Св.Николе | 506 | 496 | 98,0 | 121 | 137 | 129 | 109 |
| Скопје | 21731 | 20466 | 94,2 | 6422 | 4911 | 4245 | 4888 |
| Струга | 1605 | 1605 | 100,0 | 355 | 466 | 356 | 428 |
| Струмица | 3465 | 3395 | 98,0 | 866 | 962 | 861 | 706 |
| Тетово | 7360 | 7097 | 96,4 | 1916 | 1838 | 1640 | 1703 |
| Штип | 1417 | 1279 | 90,3 | 449 | 0 | 414 | 416 |

*Пехчево е собрано со Берово
* Ростуше е собрано со Гостивар
Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 3*** Извршени систематски прегледи на ученици во средни училишта и студенти во Република Северна Македонија во 2019 година

| | Вкупно подлежни | Средни училишта | | | | Студенти | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Прегледани | | I клас | IV клас | Прегледани | | |
| | | Број | % | | | Подлежни | Број | % |
| Р.С.МАКЕДОНИЈА | 26487 | 25106 | 94,8 | 12391 | 12715 | 13279 | 13279 | 100,0 |
| Берово | 132 | 125 | 94,7 | 53 | 72 | | | |
| Битола | 1977 | 1963 | 99,3 | 968 | 995 | 448 | 448 | |
| Мак.Брод | 66 | 59 | 0,0 | 24 | 35 | | | |
| Валандово | 95 | 85 | 89,5 | 48 | 37 | | | |
| Велес | 947 | 947 | 100,0 | 550 | 397 | 9 | 9 | 100,0 |
| Виница | 129 | 128 | 99,2 | 66 | 62 | | | |
| Гевгелија | 371 | 371 | 0,0 | 197 | 174 | | | |
| Гостивар | 1578 | 1511 | 95,8 | 846 | 665 | | | |
| Дебар | 295 | 295 | 100,0 | 154 | 141 | | | |
| Делчево | 200 | 200 | 0,0 | 106 | 94 | | | |
| Д.Хисар | 86 | 86 | 100,0 | 37 | 49 | | | |
| Кавадарци | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Кичево | 543 | 543 | 0,0 | 343 | 200 | | | |
| Кочани | 418 | 393 | 94,0 | 189 | 204 | | | |
| Кратово | 137 | 134 | 97,8 | 67 | 67 | | | |
| Кр.Паланка | 281 | 272 | 96,8 | 134 | 138 | | | |
| Крушево | 125 | 120 | 0,0 | 59 | 61 | | | |
| Куманово | 2606 | 2331 | 89,4 | 1133 | 1198 | | | |
| Неготино | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Охрид | 1047 | 964 | 92,1 | 489 | 475 | 129 | 129 | 100,0 |
| Прилеп | 1574 | 1574 | 0,0 | 799 | 775 | 75 | 75 | 100,0 |
| Пробиштип | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Радовиш | 313 | 255 | 81,5 | 151 | 104 | | | |
| Ресен | 157 | 157 | 0,0 | 67 | 90 | | | |
| Св.Николе | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Скопје | 6231 | 5699 | 91,5 | 2692 | 3007 | 12618 | 12618 | 100,0 |
| Струга | 1712 | 1712 | 100,0 | 599 | 1113 | | | |
| Струмица | 1582 | 1579 | 99,8 | 874 | 705 | | | |
| Тетово | 3653 | 3380 | 0,0 | 1746 | 1634 | | | |
| Штип | 232 | 223 | 96,1 | 0 | 223 | | | |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 4*** Содржина на извршени систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија во 2019 година

| Утврдена состојба | | | Основни | | Средни | | Студенти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени |
| Вкупно прегледани | | | 32488 | 30677 | 12972 | 12134 | 5998 | 7281 |
| Чистота на телото | добра | | 32308 | 30470 | 12927 | 12062 | 5998 | 7281 |
| | лоша | | 180 | 207 | 45 | 72 | 0 | 0 |
| Вошливост | | | 75 | 177 | 14 | 31 | 0 | 0 |
| Држење на телото | добра | | 27248 | 26098 | 10262 | 9943 | 5113 | 6233 |
| | лоша | | 5240 | 4579 | 2710 | 2191 | 885 | 1048 |
| Развиеност на телото | добра | | 27290 | 25879 | 11163 | 10463 | 3788 | 5199 |
| | средна | | 3436 | 3251 | 1247 | 1247 | 1977 | 1862 |
| | лоша | | 1762 | 1547 | 562 | 424 | 233 | 220 |
| Хранетост на телото | добра | | 24609 | 23572 | 10133 | 9469 | 3996 | 4438 |
| | средна | | 4266 | 4033 | 1467 | 1492 | 1839 | 1957 |
| | лоша | | 3613 | 3072 | 1372 | 1173 | 163 | 886 |
| ДефоРСМации на рбетниот столб | кифоза | неозначена | 1097 | 857 | 606 | 372 | 5 | 5 |
| | | изразена | 479 | 384 | 291 | 167 | 5 | 9 |
| | сколиоза | неозначена | 1731 | 1604 | 1205 | 1127 | 178 | 633 |
| | | изразена | 156 | 147 | 274 | 256 | 15 | 28 |
| | лордоза | неозначена | 213 | 184 | 105 | 106 | 3 | 7 |
| | | изразена | 27 | 47 | 1 | 7 | 0 | 0 |
| Дефор.на град.кош | | | 2349 | 1372 | 1000 | 427 | 9 | 4 |
| Дефор.на стопалото | | | 6454 | 5368 | 1674 | 1396 | 161 | 262 |
| Дефор.на др.делови на коструот | еднострано | | 362 | 218 | 15 | 11 | 0 | 0 |
| | двострано | | 33 | 27 | 7 | 11 | 2 | 0 |
| Пречки на видот и мотилитет | страбизам | | 1020 | 1003 | 699 | 690 | 3 | 20 |
| | нистагмус | | 815 | 898 | 364 | 413 | 2 | 5 |
| | слеп.за бои | | 463 | 512 | 346 | 433 | 2 | 1 |
| Оштетување на слухот | еднострано | | 89 | 83 | 19 | 11 | 5 | 9 |
| | двострано | | 67 | 58 | 50 | 44 | 0 | 0 |
| Кариес | I степен | | 4297 | 3687 | 1520 | 1307 | 591 | 845 |
| | II степен | | 964 | 879 | 429 | 433 | 8 | 8 |
| Парадентопатија | | | 176 | 164 | 35 | 19 | 0 | 0 |
| Ортодонски аномалии | | | 1437 | 1333 | 739 | 741 | 81 | 325 |
| Срцеви мани | конгенит. | | 450 | 334 | 157 | 140 | 1 | 3 |
| | стечени | | 17 | 13 | 6 | 5 | 0 | 0 |
| Психич.развиеност | | | 188 | 102 | 17 | 9 | 0 | 0 |
| Говорни мани | | | 749 | 377 | 90 | 39 | 0 | 1 |
| Хемоглобин | под 10 гр% | | 527 | 575 | 76 | 262 | 1 | 6 |
| | 10 - 13 гр% | | 12001 | 11683 | 3879 | 4608 | 40 | 148 |
| | над 13 гр% | | 8907 | 7849 | 4556 | 2803 | 5904 | 7074 |
| Албумин во уреата | позитивен | | 372 | 636 | 262 | 323 | 86 | 150 |
| | негативен | | 16460 | 15314 | 5991 | 54952 | 5848 | 7057 |
| Измет на цревни паразити | позитивен | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | негативен | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Алергиски заболувања | да | | 9 | 5 | 0 | 0 | 29 | 53 |
| | не | | 133 | 102 | 56 | 45 | 5668 | 6868 |
| Сите останати хрон.патолошки состојби | | | 1599 | 1269 | 318 | 371 | 10 | 14 |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 5*** Утврдена сосотојба при извршени систематски прегледи на ученици во основни училишта во Република Северна Македонија во 2019 година

| Утврдена состојба | Основни училишта | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | I одд. | | III одд. | | V одд. | | VII одд. | |
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Вкупно прегледани | 63165 | 100 | 17718 | 100 | 16012 | 100 | 14218 | 100 | 15217 | 100 |
| Чистота на телото - лоша | 387 | 0,6 | 114 | 0,6 | 87 | 0,5 | 82 | 0,6 | 104 | 0,7 |
| Вошливост | 252 | 0,4 | 61 | 0,3 | 67 | 0,4 | 72 | 0,5 | 52 | 0,3 |
| Држење на телото - лоша | 9819 | 15,5 | 2166 | 12,2 | 2247 | 14,0 | 2474 | 17,4 | 2932 | 19,3 |
| Развиеност на телото - лоша | 3309 | 5,2 | 945 | 5,3 | 839 | 5,2 | 747 | 5,3 | 778 | 5,1 |
| Хранетост на телото - лоша | 6685 | 10,6 | 1481 | 8,4 | 1657 | 10,3 | 1748 | 12,3 | 1799 | 11,8 |
| Дефор.на рбет.столб и град кош | 10647 | 16,9 | 2307 | 13,0 | 2491 | 15,6 | 2719 | 19,1 | 3130 | 20,6 |
| Дефор.на стопалото | 11815 | 18,7 | 3604 | 20,3 | 2810 | 17,5 | 2907 | 20,4 | 2494 | 16,4 |
| Дефор.на други делови | 632 | 1,0 | 286 | 1,6 | 235 | 1,5 | 73 | 0,5 | 38 | 0,2 |
| Пречки на видот и мотилитет | 4711 | 7,5 | 1014 | 5,7 | 1169 | 7,3 | 1237 | 8,7 | 1291 | 8,5 |
| Оштетување на слухот | 297 | 0,5 | 84 | 0,5 | 63 | 0,4 | 84 | 0,6 | 66 | 0,4 |
| Кариес | 9919 | 15,7 | 2287 | 12,9 | 2592 | 16,2 | 2472 | 17,4 | 2568 | 16,9 |
| Парадентопатија | 340 | 0,5 | 36 | 0,2 | 92 | 0,6 | 105 | 0,7 | 107 | 0,7 |
| Ортодонски аномалии | 2770 | 4,4 | 198 | 1,1 | 663 | 4,1 | 938 | 6,6 | 971 | 6,4 |
| Срцеви Конгенитални | 784 | 1,2 | 193 | 1,1 | 158 | 1,0 | 209 | 1,5 | 224 | 1,5 |
| мани Стечени | 30 | 0,0 | 16 | 0,1 | 3 | 0,0 | 10 | 0,1 | 1 | 0,0 |
| Психичка развиен.недоболна | 290 | 0,5 | 136 | 0,8 | 58 | 0,4 | 48 | 0,3 | 48 | 0,3 |
| Говорни мани | 1126 | 1,8 | 653 | 3,7 | 233 | 1,5 | 133 | 0,9 | 107 | 0,7 |
| Хемо- Под 10гр% | 1102 | 1,7 | 391 | 2,2 | 260 | 1,6 | 265 | 1,9 | 186 | 1,2 |
| глобин Вк.прегледани | 41542 | 65,8 | 12094 | 68,3 | 10099 | 63,1 | 9330 | 65,6 | 10019 | 65,8 |
| Албумен Позитивен | 1008 | 1,6 | 94 | 0,5 | 275 | 1,7 | 291 | 2,0 | 348 | 2,3 |
| во урина Вк.прегледани | 32782 | 51,9 | 10107 | 57,0 | 7923 | 49,5 | 7164 | 50,4 | 7588 | 49,9 |
| Измет на цревни паразити | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Алергиски Да | 14 | 0,0 | 14 | 0,1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| заболувања Вк.прегледани | 249 | 0,4 | 249 | 1,4 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Сите ост.хрон.патол.состојби | 2868 | 4,5 | 874 | 4,9 | 694 | 4,3 | 695 | 4,9 | 605 | 4,0 |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 6*** Утврдена состојба при извршени систематски прегледи на ученици во средни училишта и студенти во Република Северна Македонија во 2019 година

| Утврдена состојба | Средни училишта | | | | | | Студенти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | I клас | | IV клас | | Број | % |
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| Вкупно прегледани | 25106 | 100 | 12391 | 100 | 12715 | 100 | 13279 | 100 |
| Чистота на телото - лоша | 117 | 0,5 | 67 | 0,5 | 50 | 0 | 0 | 0,0 |
| Вошливост | 45 | 0,2 | 26 | 0,2 | 19 | 0 | 0 | 0,0 |
| Држење на телото - лоша | 4901 | 19,5 | 2606 | 21,0 | 2295 | 18 | 1933 | 14,6 |
| Развиеност на телото - лоша | 986 | 3,9 | 424 | 3,4 | 562 | 4 | 453 | 3,4 |
| Хранетост на телото - лоша | 2545 | 10,1 | 1266 | 10,2 | 1279 | 10 | 1049 | 7,9 |
| Дефор.на рбет.столб и град кош | 5944 | 23,7 | 3086 | 24,9 | 2858 | 22 | 901 | 6,8 |
| Дефор.на стопалото | 3070 | 12,2 | 1597 | 12,9 | 1473 | 12 | 423 | 3,2 |
| Дефор.на други делови | 44 | 0,2 | 20 | 0,2 | 24 | 0 | 2 | 0,0 |
| Пречки на видот и мотилитет | 2972 | 11,8 | 1581 | 12,8 | 1391 | 11 | 33 | 0,2 |
| Оштетување на слухот | 124 | 0,5 | 62 | 0,5 | 62 | 0 | 14 | 0,1 |
| Кариес | 3689 | 14,7 | 1808 | 14,6 | 1881 | 15 | 1452 | 10,9 |
| Парадентопатија | 54 | 0,2 | 39 | 0,3 | 15 | 0 | 0 | 0,0 |
| Ортодонски аномалии | 1483 | 5,9 | 753 | 6,1 | 730 | 6 | 406 | 3,1 |
| Срцеви Конгенитални | 297 | 1,2 | 170 | 1,4 | 127 | 1 | 4 | 0,0 |
| мани Стечени | 11 | 0,0 | 7 | 0,1 | 4 | 0 | 0 | 0,0 |
| Психичка развиен.недоболна | 26 | 0,1 | 22 | 0,2 | 4 | 0 | 0 | 0,0 |
| Говорни мани | 129 | 0,5 | 89 | 0,7 | 40 | 0 | 1 | 0,0 |
| Хемо- Под 10гр% | 338 | 1,3 | 166 | 1,3 | 172 | 1 | 7 | 0,1 |
| глобин Вк.прегледани | 16184 | 64,5 | 7700 | 62,1 | 8484 | 67 | 13173 | 99,2 |
| Албумен Позитивен | 635 | 2,5 | 335 | 2,7 | 300 | 2 | 236 | 1,8 |
| во урина Вк.прегледани | 12118 | 48,3 | 5808 | 46,9 | 6310 | 50 | 13141 | 99,0 |
| Измет на цревни паразити | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0,0 |
| Алергиски Да | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 82 | 0,6 |
| заболувања Вк.прегледани | 111 | 0,4 | 0 | 0,0 | 111 | 1 | 12618 | 95,0 |
| Сите ост.хрон.патол.состојби | 689 | 2,7 | 349 | 2,8 | 340 | 3 | 24 | 0,2 |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ